

Од ликовните интервенции во Чифте Амам-Стара чаршија

## ВТОРО СТУДЕНТСКО ИНТЕРНАЦИОНАЛНО АРТ БИЕНАЛЕ СКОПЈЕ '95

# Дела изработени на хартија

С. ГУРОВСКА

Сто дваесет и осум студенти од 35 Универзитети од 19 земји од сите континенти-недостасува само Африка-испратија свои дела создадени на хартија на адреса на Второто студентско интернационално арт биенале Скопје '95. Поточно, на адреса на организаторите на колонија, во независна територија на младиот креативен Земјанин кој ќе умее да ја воспостави рамнотежата, ќе умее да се грижи за опстанокот на трансцедентното, на убавото и на возвишеното и кој ќе научи да ја победи идејата за крајот на природата, ни рече на крајот Пирковска.

Биеналето, кое работеше под покровителство на Претседателот на Собранието на Република Македонија Стојан Андов, беше организирано со

**● Овој едноставно насловен концепт на Биеналето во себе ги содржи сите пораки што презентираните дела се обидуваат да ги експлицираат во строго контролираната, речиси еколошка рамка – вели директорот на Биеналето Конча Пирковска**

Биеналето–Факултетот за ликовни уметности и Уметничката галерија од Скопје. Сите пристигнати дела деновиве се прикажуваат на изложба отворена во Уметничката галерија.

Како овие најмлади следбеници на ликовните израз го антиципираат духот на новата визуелна стварност? Колку културното наследство на краиштата од кои доаѓаат се одразува врз нивните дела и како овие творци на иднината се справуваат со речиси еколошкиот концепт на скопското биенале кое прифаќа само дела изработени на хартија? Одговорите ги бараме од уметничкиот директор на Биеналето во Скопје, историчарот на уметност и ликовен критичар **Конча Пирковска.**

– Најнапред, вели Пирковска, организирањето на СИАБ од страна на Факултетот за ликовни уметности и Уметничката галерија од Скопје (и покрај економските и политичките проблеми од сенката на балканската апокалипса) претставува еден обид за афирмација на сопственото културно битие и одржување на ликовниот континуитет. Потоа, продолжува таа, идејата на СИАБ не се состои од проста размена на едукативните програми од различните Универзитети во светот и од споредувањата на тие програми, туку се темели и врз согледувањата на општата вонакадемиска ликовна состојба во рамките на различните национални култури.

Целта на Биеналето е да ги идентификува креативните потенцијали на студентите и да ги промовира нивните индивидуални дискурси. И Првото и ова Второ биенале немаат детерминирани правила што можат да ја попречат таа креативна игра на творците на идниот век, освен строго контролираниот, ако може така да се рече, еколошки концепт-номиниран како „Дела изработени на хартија“. Овој едноставно насловен концепт во себе ги содржи сите пораки и препораки што презентираните дела, на различни начини, се обидуваат да ги експлицираат. Учесниците на ова Биенале доаѓаат со својот културен бек граунд и се обидуваат да го пронајдат сопствениот идентитет во светот на насликатото поле. Големото интересирање за Второто судентско биенале во Скопје ни дава надежи дека оваа манифестација можеби ќе прерасне во глобална студентска ликовна финансиска помош на Министерствата за култура и за образование, Институтот Отворено општество, Сорос центарот за современи уметности-Скопје и разни спонзори. Наградите беа доделени: најдобар меѓу 128-те учесници на изложната на СИАБ '95 беше трудот на Американецот **Мајкл Барнс** од Универзитетот во Ајова кој доби Гран при, а рамноправните две награди на организаторите – Факултетот и Галеријата – ги добија **Кирил Чичкан** од Украина и **Џоан Ланкестер** од Австралија. Меѓународното жири работеше во состав: **Власе Николески** професор на Универзитетот од Њу Касл, Нов Јужен Велс, Австралија, **Томур Атагук** професор на „Јилдиз“ универзитетот од Истанбул, Турција, **Огњан Шошев**, декан на Националната ликовна академија во Софија, Бугарија, **Вељо Ташовски**, продекан на Факултетот за ликовни уметности во Скопје и **Златко Теодосиевски**, заменик министер за култура на Република Македонија.

Во рамките на Второто СИАБ '95 беше одржан меѓународен симпозиум на тема „Националното и интернационалното во современата ликовна уметност“, предавање за наставните програми од гости-професори од странство и повеќе изложби. „Групната слика“ беше изведена во неделата, 7 мај, од страна на наши и на странски студенти во дворот на Сули-ан (каде што е сместен Факултетот за ликовни уметности), потоа истата вечер во Чифтеамам во Старата чаршија ликовни интервенции изведоа десетина наши уметници: **Анета Светиева, Искра Абаџиева, Мирна Арсовска, Славчо Соколов, Исмет Рамиќевиќ, Маргарита Киселичка Калајџиева, Симеон Узуновски, Ѓоко Радовановиќ и Вангел Божиновски.**

Во понеделникот беа отворени изложбите на проф. од Аризона Универзитетот од Темпи, САД – **Џон Ресу** во Информативниот центар на САД во Скопје; на професори од нашиот Факултет во Галеријата „Анима“ во Градскиот трговски центар; на студенти на ФЛУ кои изложуваат меил–арт и бук-арт во Галеријата „Стоби“ и на **Кокан Јанев** кој излага керамо-скулптура; и на студенти од Националната ликовна академија од Софија во Културно-информативниот центар.

Каталогот на Второто СИАБ (ликовна обработка на **Костадин Танчев Динка**) се очекува да биде готов наскоро.

БР. 17546